Врз основа на член 59 од Законот за Народната банка на Република Северна Македонија и Одлуката за утврдување потреба од засновање работен однос бр.04-38180/1 од 30 декември 2021 година, Народната банка на Република Северна Македонија распишува

**ОГЛАС**
**за вработување во Народната банка на Република Северна Македонија на определено време**

1.Народната банка на Република Северна Македонија објавува оглас за вработување на 3 извршители на работното место референт за обработка, селекција и поништување почетен степен во Отсекот за обработка, селекција и поништување во Дирекцијата за трезорско работење на определено време во траење од 1 година.

2.Кандидатите за работното место од точка 1, треба да ги исполнуваат следниве општи услови за засновање на работен однос утврдени во Колективниот договор на ниво на Народната банка на Република Македонија: да се државјани на Република Северна Македонија, да се полнолетни, да имаат општа здравствена способност за работното место и да не им е изречена казна забрана за вршење професија, дејност или должност.

3.Покрај општите услови за засновање на работен однос утврдени во Колективниот договор на ниво на Народната банка на Република Македонија, кандидатите, треба да ги исполнуваат и следниве посебни услови: да имаат завршено средно образование во траење од 4 години, да бидат со или без работен стаж, да имаат познавање на работа со компјутер.

4.Кандидатите за работното место од точка 1 потребно е да достават:

- пријава и кратка биографија;
- доказ за државјанство издаден од надлежен орган на Република Северна Македонија;
- потврда од надлежен орган (Централен регистар на Република Северна Македонија или надлежен суд) која изричито ќе гласи дека на лицето не му е изречена казна, забрана за вршење професија, дејност или должност, не постара од 6 месеци пред денот на поднесувањето на пријавата (други потврди кои нема да гласат согласно наведеното, нема да се прифаќаат);
- доказ за познавање на работа со компјутер (уверение, потврда, друг документ, или свидетелство од образовна институција како доказ дека се учело работа со компјутери);
- диплома или уверение за завршено образование и
- доказ за работен стаж доколку го има од Фондот за пензиското и инвалидското осигурување на Република Северна Македонија (други потврди од Агенција за вработување нема да се прифаќаат).

Сите докази, потврдата, дипломата или уверението за завршено образование, може да бидат доставени во копија.

5.Работното време, во работната недела за работното место од точка 1 започнува помеѓу 8,00 и 9,00 часот, а завршува помеѓу 16,00 и 17,00 часот,а во моментов, работното време, во работната недела за работното место се одвива во две смени и тоа: во прва смена работното време започнува од 7,00 часот и завршува до 15,00 часот и во втора смена работното време започнува од 14,00 часот и завршува до 22,00 часот.

6. Во согласност со Колективниот договор на ниво на Народната банка, со кандидатите кои ќе засноваат работен однос на работното место од точка 1, кои имаат работен стаж и за прв пат склучуваат договор за вработување со Народната банка, да

се склучи договор за вработување на определено време со вршење пробна работа во времетраење од 1 месец, а со кандидатите кои немаат работен стаж, да се склучи договор за вработување на определено време со вршење на приправнички стаж во времетраење од најмногу 6 месеци .

7.Висината на основната (нето) плата за работното место референт за обработка, селекција и поништување почетен степен во Отсекот за обработка, селекција и поништување во Дирекцијата за трезорско работење изнесува 18.791,00 денари, додека за време на пробната работа висината на основната (нето) плата изнесува 50% од основната (нето) плата, односно 8.097,00 денари, додека за време на приправничкиот стаж изнесува 70% од основната (нето) плата, односно 13.109,00 денари

8.Рокот за доставување на документите изнесува 7 работни дена, сметано од наредниот ден од денот на објавувањето на огласот.

9.Изборот на работниците кои ќе засноваат работен однос во Народната банка ќе се изврши во рок од 45 дена по истекот на рокот за пријавување.

10.Ненавремената документација нема да биде разгледувана.

11.Пријавата е објавена на интернет страната на Народната банка на Република Северна Македонија.

Пријавата со потребната документација да се достават до Архивата на Народната банка на Република Северна Македонија на Бул. Кузман Јосифовски Питу‟ бр.1, Скопје.

**Народна банка на Република Северна Македонија**